1574


**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS

BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842

Tel. 621-578

Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

24. VII. 1966, 7101, 8


# Она што треба да се поддржи

(Паскал Гилевски)

Од 1 август ќе почне со работа третата традиционална ликовна колонија во Струмица, на која се повикани над дваесетина афирмирани ликовни уметници и критичари од Македонија и од другите наши Републики. Работата на колонијата ќе трае дваесет дена, и тоа десет во Струмица, а десет во Дојран.

Тоа беше повод да направиме една кратка посета на иницијаторот на оваа значајна ликовна, и воопшто, културна манифестација — Работничкиот универзитет во Струмица. Бев искрено фрапиран од необичната ликовна атмосфера на оваа културна установа, и од ентусијазмот на неколку самопрегорни луѓе, кои се залагаат да ја афирмираат и во нивниот крај ликовната уметност. Секој од нив одушевено зборува за секоја уметничка творба од досегашната колекција на оваа ликовна колонија; колекцијата се состои од околу 210 експонати, впрочем исто толку, колку што брои и Галеријата при Работничкиот дом-универзитет во Скопје. Ако се земе предвид разликата во годините на постоењето на двете уметнички збирки (струмичанската само две години, додека скопската над десетина), како и разликата во нивните инвестиции, ќе се види низ колку тешкотии и искушенија требало да минат иницијаторите на ликовната колонија во Струмица, за да им се приближат на достигањата на Работничкиот дом-универзитет во Скопје.

Интересно е да се одбележи на кој начин и со каква ликовна политика струмичани се успеале да направат таква голема колекција на уметнички дела, што сега-засега, поради немање соодветен салон, стојат насобрани во ходниците и во училниците на нивниот Работнички универзитет. Прво, од успешното организирање на ликовната колонија. Имено, поканетите уметници како услов за учество приложуваат по една своја творба, која автоматски останува во фондот на колекцијата. Потоа, во текот на дваесетдневната работа, уметниците, чии престој во секој поглед одлично е обезбеден, прават дела од кои повеќето останеваат, исто така, во универзитетскиот фонд. Така да речеме, од првата година (1964), на колонијата, останаа 107 дела, што претставува една огромна бројка, додека од втората година над шеесет дела. Или, грубо финансиски земено, една комисија во состав од уметниците Димитар Кондовски, Димо Шумка и Менде Ивановски, експонатите од минатогодишната ликовна колонија ги оцениле како вредност од пет милиони стари динари.

Но, културните работници на Работничкиот универзитет од Струмица не се задоволуваат само од овој начин на збогатување на нивната ликовна колекција. Тие ги убедуваат градските стопански и други установи, што имаат поголеми приходи, да издвојат извесен дел и за откуп на уметнички дела, што ѝ ги подаруваат на општата колекција. Или ,да им ги дадат оние слики што стојат повеќе години во нивните канцеларии, а на нивно место да откупат нови, од најактуелните изложби во градот. Тоа е еден прекрасен (иако мошне тежок) начин, да се активизира продажбата на уметничките експонати.

Речиси, едно цело претпладне, во придружба на неколку културни работници од Струмица, ја разгледував оваа млада, спонтана, стихијна, но богата ликовна колекција. Тука можеме да сретнеме по некое дело од, речиси сите познати македонски уметници: Личеноски, Мартиноски, Коцоман, Владимирски, Пандилов, Шијаковиќ, Кондовски, Мазев, Куновски, Протуѓер, Аврамовски — Гуте, Менде Ивановски, Калчевски и др., како и дела на неколку познати југословенски уметници. Исто така, еден голем дел од оваа збирка го прават делата на повеќе познати југословенски наивни уметници. Токму заради нивниот голем број, некои членови од Советот за култура на Републиката сакаат да им сугерираат на организаторите на ликовната колонија во Струмица, да се преориентираат исклучиво кон собирање на дела од наивни уметници, и целата улога на колонијата да ја сведат на тој план. Се разбира, струмичани не се согледуваат со ваквите сугестии, што е и сосема правилно, ами сакаат и натаму да собираат дела, без разлика на тоа во кој правец, или во каков дух се изработени тие .Со еден збор, нивна цел е да ја афирмираат во нивниот крај ликовната уметност воопшто, а не само еден нејзин дел. Нивната досегашна збирка говори дека тие со време ќе успеат да ја реализираат својата замисла. Повеќето дела од збирката имаат не само македонски, туку и југословенски ранг. Затоа, во нивната понатамошна работа би било погрешно, ако не им се помогне во секој поглед на нивните замисли зашто, сепак, тие најдобро го познаваат духот на тамошните жители. На пример, писателот Кочо Урдин, еден од иницијаторите на оваа ликовна колонија, ни раскажуваше дека во Работничкиот универзитет постојано влегуваат луѓе од различни професии, и долго ги разгледуваат сликите што стојат по ѕидовите на ходниците; често се случува да дојдат и постари луѓе, кои претходно биле на пазар. Вратите на Работничкиот универзитет се отворени за секого.

Третата ликовна колонија што ќе почне со работа од 1 август, се очекува дека ќе биде најуспешна, зашто се приготвува со поголеми искуства. Овојпат, ќе бидат повикани и неколку ликовни теоретичари, па се предвидуваат (покрај практичната работа), и разни разговори за најактуелните проблеми од областа на ликовната уметност кај нас и во светот. Тоа ќе ја обогати колонијата со уште една прекрасна димензија.

Значењето на една манифестација, каква е ликовната колонија Струмица, е мошне голе за целокупната афирмац ја на нашата култура, з тоа никој што е повик да ја поткрепи оваа ин цијатива не треба да стеснува пред нејзините рања. Од своја страна п колонијата треба дослед да ја спроведува своја убава иницијатива.